**Известување за концентрација со која Батинг Лимитед, Кипар ќе стекне контрола над Институт за изградба на град д.о.о. Србија
(предмет бр. 08-122/2021)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 16.11.2021 година,а дополнето на 22.11.2021 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на друштвото **Батинг Лимитед** (Batting Limited), со седиште на адреса Грива Дигени 115, Тридент Центре, 3101 Лимасол, Кипар, над друштвото **Институт за изградба на град д.о.о. Белград** (Institut za izgradnju grada d.o.o. Beograd), со седиште на адреса Крал Милан бр.31, Белград, Република Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Батинг Лимитед** припаѓа на МК Групата. Деловната активност на МК Групата како целина, е во основа производство и трговија со земјоделски производи. МК Групата е активна со производство на шеќерна репка, шеќер, пченка, пченица, јачмен, маслодајна репка и други ратарски култури со употреба на најсовремени агротехнички мерки и земјоделска механизација од последна генерација. МК Групата покрај тоа тргува со земјоделски производи, вештачко ѓубриво, пестициди, меркатилни и семенски производи (пченица, пченка, соја...). Дополнително, МК Групата се занимава и со туризам, информациски технологии, како и со банкарски и брокерско-дилерски работи.

Регистрирана претежна дејност на **Институт за изградба на град д.о.о. Белград** е истражување и развој на природните и техничко-технолошките науки.

Меѓутоа, основна дејност на Институт за изградба на град д.о.о. Белград е во суштина управување и располагање со недвижен имот кој се наоѓа во Србија, Белград на местото на поранешната Индустрија за мотори Раковица, во белградската општина Раковица - индустриски комплекс кој во моментов (и веќе подолго време) не е во функција.

Институт за изградба на град д.о.о. Белград во текот на јуни 2020 година има извршено статусна промена, спојување со друштвото Индустрија мотора Раковица д.о.о. Белград (Industrija motora Rakovica d.o.o. Beograd (регистарски број 06963382), така што, по направената статусна промена, друштвото Индустрија мотора Раковица д.о.о. Белград (Industrija motora Rakovica d.o.o. Beograd) престанува да постои.

Институт за изградба на град д.о.о. Белград нема зависни друштва регистрирани во Северна Македонија.

Подносителот смета дека како релевантен пазар би можел да се дефинира пазар на индустриски објекти.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот*

*за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54. Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

24.11.2021 година
Скопје